51780

ВЕСТ 9.9 СРЕДА 22 ОКТОМВРИ 2003 | 9

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАДОТ МАКЕДОНИЈА

# На ред - конкурс за грандиозна фонтана со скулптура

■ Според објаснувањата на градоначалникот Ристо Пенов, на плоштадот се планира грандиозна фонтана со скулптура, а од Градот во моментов размислуваат дали да земат предвид едно решение од 1978 година, каде што на просторот меѓу "Дал мет фу" и "Типо" се предвидуваат скулптурата и мозаик



*Тендерот за каменот уште не е затворен, се чека извештај кој е подобар, македонскиот или босанскиот*

Конкурсната документација за фонтаната на плоштадот се работи, и наскоро Градот планира да распише конкурс. Според објаснувањата на градоначалникот Ристо Пенов, тоа ќе биде грандиозна фонтана со скулптура или, како што вели, уметничко случување, кое ќе биде опкружено или врзано со вода.

"Такво едно решение има од 1978 година, а на конкурс имаат добиено Хаџи-Бошков и Кондовски. Нивното решение, скулптура од Хаџи-Бошков и мозаик од Кондовски, е за просторот меѓу пицеријата "Дал мет фу" и стоковната куќа "Типо". Ќе видиме дали тоа решение ќе може да биде земено предвид", изјави Пенов.

Што се однесува до реконструкцијата на градскиот плоштад, по повторувањето на тендерот за поплочување, градоначалникот информираше дека во моментов се прават испитувањата на каменот за поплочување на фирмите-понудувачи. Пенов кажа дека тендерот нема да биде затворен додека докрај не се направат испитувањата за тоа кој камен е подобар, македонскиот на фирмата "Крин" или босанскиот на "Јабланица", и тоа летно време кога температурите се високи. Она што се чека е извештајот за босанскиот камен од институција од Македонија, наспроти мислењето од Босна и Херцеговина, кое го доставила фирмата.

"Јас не одлучувам за тоа, јас не се разбирам од камен. Ако тврдоста на каменот од 'Јабланица' е 290, а на 'Крин' 190, тоа значи дека има огромна разлика, ако порозноста на каменот од 'Јабланица' е 0,52, а на 'Крин' 1,72, тоа значи дека има многу можности за појава на флеки и други елементи. За тоа одлучуваат други луѓе, јас одлучувам за финансиите и за тоа дали извештајот на комисијата е регуларен", рече Пенов.

Меѓу другото, тој информираше дека Градот нема намера да врши археолошки истражувања на просторот од плоштадот, како што неодамна побараа од Заводот за заштита на спомениците.

"Дозвола за реконструкција на плоштадот издава Министерството за транспорт и врски, и тоа во процедура на издавање е должно да укаже на сé, ако смета дека и Заводот треба да се консултира. Но, ние ќе реконструираме плочник, немаме сили да правиме археолошки истражувања", рече градоначалникот.

*Ј.Ивановска*